Друштво за производство, трговија и услуги
ДРОГА КОЛИНСКА ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 02-254/1
04.08 2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 125,126,127,128 и 129 од Законот за игри на среќа и забавните игри (Сл. Весник на РМ со сите негови последователни измени и дополненија), како и овластувањето од Актот за основање на друштвото ДРОГА КОЛИНСКА ДООЕЛ Скопје, Управителот на ден **04.08.2017** година ги донесе следниве:

# ПРАВИЛА ЗА НАГРАДНА ИГРА

# **„ОТВОРИ И КЕШ ОСВОЈ!“**

## **Член 1**

## **Приредувач на наградната игра**

Приредувач на наградната игра е Друштвото за производство, трговија и услуги **ДРОГА КОЛИНСКА ДООЕЛ** увоз – извоз Скопје (скратен назив: **ДРОГА КОЛИНСКА ДООЕЛ Скопје**), со седиште на ул. Шар Планина бр. 6, 1000 Скопје (во понатамошниот текст: Приредувач на наградна игра), со ЕДБ МК4030005554510 и ЕМБС 6003443 (во понатамошниот текст: Приредувач на наградната игра).

## **Член 2**

## **Производи и услуги заради чие рекламирање се приредува наградната игра**

Наградната игра се организира со цел рекламирање на производите на Приредувачот на наградната игра и тоа на: ГРАНД КАФЕ ГОЛД 200 грама и ГРАНД КАФЕ АРОМА 200 грама кои за наградната игра ќе бидат соодветно обележани.

## **Член 3**

## **Име, опис и времетраење на наградната игра**

Име на наградната игра е: **“ОТВОРИ И КЕШ ОСВОЈ!”**

Наградната игра ќе трае **5 (пет месеци)**, почнувајќи од **01.09.2017 година во 08:00:01** часот, а завршува на **31.01.2018 година во 19:59:59 часот**.

Потрошувачите учествуваат во наградната игра со купување и отворање на кафиња ГРАНД КАФЕ ГОЛД 200 грама и ГРАНД КАФЕ АРОМА 200 грама со ознака на промотивен стикер за наградна игра “Отвори и кеш освој!” во кои од внатрешната страна на кесичката се наоѓа јасно напишана порака дали учесникот со таа кесичка има освоено некаква награда или не, или пак кесичката нема да содржи никаква порака, натпис или код (т.н. “празна” кесичка).

Во внатрешноста на добитната кесичката исто така се наоѓа заштитен код врз основа на кој од страна на Приредувачот на наградната игра се утврдува исправноста на добитната кесичка, како и бесплатен број од центарот за повици ( 0800 200 00). Секој учесник кој поседува кесичка со наведените ознаки дека кесичката е добитна (без оглед дали станува збор за парична награда или стокова награда), должен е да се јави во центарот за повици на бројот (0800 200 00) каде ги остава своите лични податоци: име и презиме, адреса на живеење наведена во документот за лична идентификација кој ќе го приложи при подигањето на наградата (улица, број, место), адреса на која треба да се достави наградата (улица, број, место) доколку истата се разликува од онаа наведена во

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ IV СКОПЈЕ

документот за лична идентификација, телефонски број (мобилен или фиксен), емаил адреса (опционо). Со јавување во центарот за повици, добитниците кои се пријавиле можат да добијат повеќе информации за деталите поврзани со превземањето на наградата, вклучително и дополнителни информации поврзани со спроведување на наградната игра.

Учесниците кои се пријавиле во центарот за повици, должни се да ја чуваат добитната кесичка која задолжително се приложува при идентификација на добитникот и подигнување на стоковите и паричните награди. Добитникот кој нема да ја приложи добитната кесичка во моментот на подигање на наградата, нема да може да го оствари правото на подигнување на наградата.

Работното време на центарот за повици е од понеделник до сабота секоја недела од 08:00 до 20:00 часот (освен за време на празници), во кој временски период учесниците може да пријават дека поседуваат добитна кесичка.

Крајниот рок за пријавување на добитните кесички и оставање податоци за добитникот во центарот за повици на бесплатниот телефонски број **0800 200 00** е **до 31.01.2018. до 19:59:59 часот**.

Доколку добитникот не ја пријави или не ја подигне наградата во наведениот период, понатамошните обврски на Приредувачот на наградната игра кон добитникот престануваат.

Доколку заштитниот код кој се наоѓа во внатрешноста на кесичката целосно или делумно е оштетен, така што неговата содржина не може да се прочита или со сигурност да се утврди, а тоа уништување не е последица за евентуална грешка на Приредувачот, истиот ќе се смета за неважечки и Приредувачот на наградната игра нема да додели награда на учесникот кој се пријавил.

За учество во наградната игра нема ограничување, еден учесник може да купи и отвори неограничен број наградни кафиња и да освои повеќе награди.

## Член 4

## Запознавање на учесниците со правилата на наградната игра

Официјалните правила на наградната игра по добивањето согласност од Министрството за финансии, а пред започнување на наградната игра, ќе бидат објавени на веб страната www.grandkafa.com.

Покрај објавување на правилата за наградната игра на веб страната www.grandkafa.com, учесниците во наградната игра ќе бидат известени за начинот и условите за учество во наградната игра, како и за нејзиното времетраење преку медиуми, средства за јавно информирање и промотивни материјали изложени на местата на продажба во маркетите во кои се спроведува наградната игра.

## Член 5

## Начин и услови за учество во наградната игра

Право на учество во наградната игра имаат сите полнолетни физички лица со навршени 18 години возраст, со живеалиште во Република Македонија (во понатамошниот текст: Учесници), кои ги прифаќаат условите на овие правила.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ IV СКОПЈЕ

Во наградната игра забрането е учество на вработените кај Приредувачот на наградната игра (ДРОГА КОЛИНСКА ДООЕЛ Скопје), како и на вработените кај овластениот дистрибутер на производите АТЛАНТИЦ ТРАДЕ СКОПЈЕ ДООЕЛ Скопје, вклучително и членовите на нивните потесни семејства.

Со учество во наградната игра, учесниците потврдуваат дека се целосно запознаени со одредбите од овие Правила и ја изразуваат својата согласност во поглед на истите.

**Член 6**

**Територија**

Наградната игра се приредува на целата територија на Република Македонија.

**Член 7**

**Податоци за наградите во наградната игра**

Во рамки на наградната игра "ОТВОРИ И КЕШ ОСВОЈ!" се доделува следниот награден фонд на награди т.е. поединечни награди по вид, број, и вредност:

| Опис на парична награда | количина | Поединечна вредност | Вкупна вредност |
|---|---|---|---|
| 500.000,00 денари | 3 | 500.000,00 | 1.500.000,00 |
| 50.000,00 денари | 30 | 50.000,00 | 1.500.000,00 |

| Опис на стокова награда | количина | Поединечна вредност со вклучен ДДВ | Вкупна вредност со вклучен ДДВ |
|---|---|---|---|
| Тостер ECG S 169/700 W | 1000 | 890,00 | 890.000,00 |
| Електрично ѓезве капацитет 0,4 1000W/VIVAX CM-1000B | 1000 | 880,00 | 880.000,00 |
| Тава за пржење Tefal 24 cm | 1000 | 750,00 | 750.000,00 |

Вкупниот награден фонд изнесува **5.520.000,00** денари со вклучен ДДВ.

Освоените награди, добитниците не можат да ги заменат за друг вид награда или услуга.

**Член 8**

**Начин на објавување на резултатите, односно добитниците на наградите**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ IV СКОПЈЕ

Центарот за повици е должен еднаш дневно да доставува податоци до Приредувачот на наградната игра за пријавените добитници и заштитни кодови на кесичките.

Приредувачот на наградната игра е должен најдоцна во рок од 3 дена од денот на приемот на известувањето од центарот за повици, да спроведе проверка на заштитните кодови кои се пријавени и да достави повратна информација до центарот за повици со потврда на добитниците на наградите и валидноста на заштитните кодови.

Добитниците на наградите (нивно име и презиме и место на живеење) ќе бидат објавени на веб страната www.grandkafa.com во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на податоците на добитникот во центарот за повици.

**Член 9**

**Доделување на наградите и контрола на приредувањето на наградната игра**

Добитникот е должен задолжително при превземањето на наградата (како парична, така и стокова) да приложи документ за идентификација и да ја предаде целата добитна кесичка од кафе на која е отпечатена добивката и заштитниот код.

На добитниците на паричните награди, паричните награди ќе им бидат исплатени по нивно лично пријавување, идентификација и оставање лични податоци и трансакциска сметка во центарот за повици и приложувањето на добитната кесичка во време кое ќе го договори со Приредувачот на наградната игра во седиштето на приредувачот на наградната игра. Доколку добитникот или од него овластено лице не дојде во седиштето на Приредувачот на наградната игра во договорениот термин и не се идентификува и достави потребните документи и податоци, Приредувачот на наградната игра ќе достави известување на адреса на добитникот оставена во центарот за повици за нов термин во кој добитникот или овластено лице ќе можат да дојдат во седиштето на Приредувачот за идентификација и оставање податоци за исплата на наградата. Доколку и во овој термин добитникот или овластено лице не се пријават, добитникот го губи правото на остварување на наградата. Паричните награди ќе бидат исплатени на приложена трансакциска сметка на добитниците најдоцна во рок од 60 дена од денот на објавување на добитниците на веб страната www.grandkafa.com.

Во случај на исплата на парична награда, добитниците кои во моментот на пријавувањто во центарот за повици немаат трансакциска сметка, должни се да отворат трансакциска сметка во банка по свој избор и лично да се пријават кај Приредувачот на наградната игра за исплата на паричната награда. Во спротивно, Приредувачот на наградната игра нема обврска да изврши исплата на наградата, ниту пак ќе се овозможи друг начин на исплата или замена на паричната награда.

Приредувачот на наградната игра ќе го исплати и персоналниот данок на доход.

Стоковите награди ќе бидат испорачани на добитниците на адресата која ја оставиле во центарот за повици (нивна домашна адреса или некоја друга која добитникот ја оставил и назначил дека на таа адреса треба да се изврши доставата на наградата), најдоцна во рок од 60 дена од денот на објавување на добитниците на веб страната www.grandkafa.com.

Доколку добитникот не биде најден на соодветната адреса во време кое е договорено, Приредувачот на наградната игра ќе достави известување на адреса на добитникот оставена во центарот за повици

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ IV СКОПЈЕ

дека наградата може да ја подигне од магацинскиот простор на Техномаркет Македонија ДООЕЛ Скопје во Град Скопје или во најблискиот продажен објект во друг град во Република Македонија во дополнителен рок кој не може да биде подолг од 60 дена од денот на објавување на добитниците на веб страната www.grandkafa.com.

При превземањето на стоковите награди добитниците се должни да се идентификуваат со документ за лична идентификација, да ги предадат добитните кесички на Приредувачот на наградната игра т.е. лице овласетено од Приредувачот, како и да потпишат изјава и/или записник за примопредавање/преземање на наградата.

Во случај кога добитникот од било кој причина не е во состојба да ја подигне наградата лично, истата може да биде предадена на трето лице врз основа на заверено полномошно кај надлежен нотар потпишанано од страна на добитникот.

Приредувачот на наградната игра не ги покрива трошоците за превоз или патување ниту било каков евентуален друг трошок на добитникот во врска со превземање, остварување или исплата на наградата.

Од моментот на преземање на наградите (вклучително и исплата на персоналниот данок за наградите за кои постои обврска за плаќање персонален данок), престануваат сите обврски на Приредувачот на наградната игра кон добитниците на награди.

Приредувачот на наградната игра нема да изврши доделување на било која награда (исплата на паричните добивки, односно да изврши предавање на стоковите добивки) по истек на законскиот рок од 60 дена, сметано од денот на објавување на резултатите т.е. добитниците на наградите на веб страната www.grandkafa.com.

Сите барања за доделување на награди кои Приредувачот на наградната игра ќе ги прими по истекот на рокот на времетраење на наградната игра или роковите за остварување на поединечни права предвидени со овие Правила нема да се разгледуваат, ниту врз основа на тие барања учесникот ќе оствари било какви права кон Приредувачот на наградната игра.

Доколку добитникот не ја пријави или не ја подигне наградата во наведениот период, понатамошните обврски на Приредувачот на наградната игра кон добитникот престануваат.

Контрола на спроведувањето на наградната игра и определување на добивките и добитниците и веродостојноста на добитните кесички ќе врши лице овластено од страна на Приредувачот на наградната игра (за што ќе се донесе посебен акт- решение).

За решавање на евентуални приговори од добитниците, Приредувачот на наградната игра ќе формира комисија составена од 3 члена (за што ќе се донесе посебен акт- решение).

**Член 10**

**Даночни обврски на добитниците на наградите**

Приредувачот на наградната игра е одговорен за сите даноци, надоместоци и одговорности поврзани со наградите, вклучувајќи го и персоналниот данок на доход.

Приредувачот на наградната игра е должен на добитниците на награди за кои се пресметува персонален данок да им издаде потврда за платен персонален данок.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ * IV * СКОПЈЕ

## Член 11

## Откажување на наградна игра

Наградната игра може да се прекине во случај на виша сила, како и во случај да настапат околности за кои Приредувачот на наградната игра не е одговорен, односно ако постојат околности кои Приредувачот не можел да ги спречи, отстрани или избегне.

За прекин на наградната игра, Приредувачот на наградната игра ќе ги извести учесниците во наградната игра на веб страната www.grandkafa.com или објава преку јавен медиум.

## Член 12

Учесникот кој учествува во наградната игра ги прифаќа правата и обврските кои произлегуваат од Правилата на наградната игра.

Правилата на наградната игра ги пропишува приредувачот на наградната игра, а истите се применуваат по добиената согласност која ја дава Министерството за финансии на РМ.

Правилата на наградната игра, со цел запознавање на потенцијалните учесници на истата, ќе бидат објавени и јавно достапни на www.grandkafa.com на македонски јазик, пред почетокот на наградната игра, по добивањето на согласност од страна на Министерството за финансии. За начинот на учество во наградната игра ќе можат да се информираат и преку реклами на средствата за јавно информирање и рекламен материјал на продажните места.

## Член 13

## Право на приговор

Незадоволниот учесник има право да поднесе писмен приговор до Приредувачот на наградната игра, во рок од 5 (пет) работни дена од денот на секое објавување на добитниците на веб страната www.grandkafa.com и тоа на адреса на Приредувачот на наградната игра (ул. Шар Планина бр. 6, 1000 Скопје).

Приредувачот е должен писмено да одговори на приговорот во рок од 5 (пет) работни дена од приемот на истиот.

## Член 14

## Согласност и собирање, обработување и зачувување на лични податоци

Со пријавување во центарот за повици и пријавување на учество во наградната игра, учесникот се согласува неговите лични податоци да бидат обработувани од страна на Приредувачот (целосно име и презиме, адреса и место на живеење, е-меил адреса, мобилен/фиксен телефон), во понатамошниот текст „лични податоци“. Ова вклучува собирање, евидентирање, организирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, употреба, откривање преку

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ IV

пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, изедначување, комбинирање, блокирање, бришење или уништување на личните податоци. Обработката и преносот на податоци од страна на Приредувачот на наградната игра е со цел полесно да се реализира и обработи секој учесник индивидуално во наградната игра. Со учество во наградната игра, учесникот дава согласност да биде фотографиран и снимен, а неговите фотографии и снимен материјал да се обработуваат за целите на наградната игра и директен маркетинг и истите да се објавуваат на медиуми (пишани, електронски, телевизија и др.).

Личните податоци ќе бидат споделени со трета страна чиешто учество во наградната игра е неизбежно (на пример, компанија која ги испорачува наградите).

Врз основа на оваа согласност, податоците ќе се чуваат согласно Законот за заштита на лични податоци и другите позитивни прописи во РМ.

Со учество во наградната игра, учесникот дава согласност неговите лични податоци да можат да се обработуваат и користат за маркетинг цели (директен маркетинг), како и да се пренесуваат во други држави согласно позитивните прописи.

Секој учесник има право во секое време, бесплатно и со доставување информација до Приредувачот на наградната игра да ја повлече согласноста за обработка на неговите лични податоци за цел на директен маркетинг, наведувајќи ги притоа личните податоци кои се оставени во центарот за повици (наведени во член 3 од овие Правила). Доколку лицето не ги наведе соодветните лични податоци од претходниот став, неговото барање нема да се спроведе.

Учесниците имаат право во секој момент да побараат нивните лични податоци да бидат избришани или да побараат корекција на неточни податоци, како и да побараат информација од Приредувачот на наградната игра во врска со администрирањето на нивните лични податоци. Со учеството во наградната игра учесникот ја дава неговата согласност врз основа на детално објаснување и информација од страна на приредувачот, неговите лични податоци .

**Член 15**

**Одговорност**

Потенцијалниот учесник во оваа наградна игра разбира и се согласува дека учествува во наградната игра на свој сопствен ризик.

Приредувачот на наградната игра не одговара за евентуалните штети причинети во текот или во врска со учеството во наградната игра.

Приредувачот не одговара во случај кога добиена награда не може да биде дадена или искористена поради неможност потенцијалниот добитник или негов претставник да се јави и да ја добие наградата во определените рокови или поради други технички или правни пречки поврзани со конкретниот добитник или негов претставник и поради околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или други околности.

Приредувачот на наградната игра не одговара во случај на спор околу добитната кесичка, туку го прифаќа како добитник лицето кое се пријавило во центарот за повици и ги оставил своите податоци и истото ја прилози добитната кесичка во моментот на идентификација и предавање на наградата.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ IV СКОПЈЕ

**Член 16**

**Завршни одредби**

Учесникот кој учествува во наградната игра ги прифаќа правата и обврските кои произлегуваат од Правилата на наградната игра. Правилата на наградната игра ги пропишува Приредувачот на наградната игра, а истите се применуваат по добиената согласност која ја дава Министерството за финансии, пред започнувањето на наградната игра. Правилата на наградната игра, со цел запознавање на потенцијалните учесници на истата, ќе бидат објавени јавно на веб страната www.grandkafa.com, пред почетокот на наградната игра, по добивањето на согласност од страна на Министерството за финансии.

**Член 17**

**Решавање на евентуални спорови**

Секое несогласување помеѓу Приредувачот на наградната игра и учесниците во наградната игра ќе се решава спогодбено, а во случај на спор, за решавање на истиот надлежен ќе биде судот во Скопје.

**Приредувач**

**ДРОГА КОЛИНСКА ДООЕЛ СКОПЈЕ**

________________________

Светлана Станкова, Управител